Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
## од 458-та ИТНА седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Скопје, Октомври 2023 година

Седницата се одржа на ден 04.10.2023 година, Среда во 10:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател (онлајн, преку Вибер апликација);
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател;
- **Мери Радевска**, Член (онлајн, преку Вибер апликација);
- **Лорета Горгиева**, Член;
- **м-р.Ивица Николовски**, Член
- **Мирсад Суроји,** Член;
- **м-р.Миљазим Мустафа**, Член;
- **м-р.Селим Адеми**, Член;
- **Павлина Црвенковска**, Член;

Оправдано отсутни членови:

- **м-р.Антоанета Димовска,** Член *(на конференција)*
- **Весна Дамева,** Член *(на конференција)*
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, Член *(на конференција)*
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(на конференција-уредно поканета)* ;
- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар;
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник
- **Александра Шоптрајанова**, Технички секретар;
-

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека нема присуство на медиуми.

Согласно член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше Заменик претседател на Советот **Ханиф Зендели**.
Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, го изложи предлог Дневниот ред за 458-та итна седница:

1. Донесување на Одлука за времено упатување на судија за вршење на судиската функција во Основен суд Крушево и
- Донесување на одлука за определување на ВД претседател на Основен суд Крушево
2. Разно

Заменик претседател на Советот **Ханиф Зендели** отвори дискусија за наведениот предлог Дневен ред. Откако никој не се јави за збор истиот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за времено упатување на судија за вршење на судиската функција во Основен суд Крушево и
- Донесување на одлука за определување на ВД претседател на Основен суд Крушево
2. Разно

**Точка 1**

(Донесување на Одлука за времено упатување на судија за вршење на судиската функција во Основен суд Крушево)

По однос на точката 1, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека е истечен периодот на судијата Ристо Сотиров, судија на Основен суд Битола, за кој беше времено упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Крушево. Во конкретниот случај се исполнети условите од член 39 став 9 од Законот за судовите. Од тие причини може полноважно да се одлучи и му даде збор на координаторот за Основниот суд Крушево, членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа.**

Членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** наведе дека судијата Ристо Сотиров беше делегиаран да ја врши функцијата судија на Основен суд Круешво со одлука бр.02-161/4 од 28.09.2022 година за период од 1 (една) година, а беше задолжен и со вршење на должноста Претседател на Основен суд Крушево судот. Согласно наведеното како и доставениот допис од судијата дека е согласен да му се продолжи функцијата судија на Основен суд Крушево уште за 1 (една) годин, координаторот за основен суд Крушево предлага да се продолжи временото упатување на судијата за уште 1 (една) година во Основниот суд Крушево.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека се исполнети законските одред, а стигнато е и писмено известување од судијата Ристо Сотиров дека е согласен и понатаму да ја врши функцијата судија на Основен суд Крушево, со што се исполнети условите на истиот да му се продолжи вршењето на функцијата судија на Основен суд Крушево за период од 1 (една) година.

Заменик претседател на Советот **Ханиф Зендели** отвори дискусија за наведениот предлог. Откако никој не се јави за збор истиот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ донесено е следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**РИСТО СОТИРОВ**, судија на Основен суд Битола, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Крушево, сметано од 04.10.2023 година за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За упатувањето да се извести ВД Претседателот на Основен суд Битола и Основен суд Крушево.

Понатаму, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека е потребно донесување на одлука за определување на ВД Претседател на Основен суд Крушево бидејќи во судот има само 1 (еден) судија, а согласно член 89 од Законот за судовите.

По наведеното Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, предлогот судијата Ристо Сотиров судија на Оснвен суд Крушево да биде избран за ВД Претседател на Основен суд Крушево за период од 1 (една) година сметано од 04.10.2023 година до 04.10.2024 година, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** Претседател на Основен суд Крушево се определува Ристо Сотиров, судија на Основен суд Битола и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки во судот.

Решението влегува во сила од 04.10.2023 година.

**Точка 2**

(Разно)

По однос на оваа точка Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека има некои работи кои треба да се разгледаат, меѓутоа бидејќи е закажана седница за 09.10.2023 година, во случајов нема ништо конкретно за оваа точка.

Со оглед на тоа дека Дневниот ред е исцрпен, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** ја заклучи седницата.

Седницата заврши во 10:45 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Заменик претседател- Zëvendës Kryetar**
**Hanif Zendeli**

________________________________

**Изработил:** Владимир Станковиќ

**Одобрил**: Весна Толева